МАПВП-213/24

**АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА**
***АДВОКАТ ВЛАДИМИР ПЕТЛИЧКОВСКИ***

ТУЖЕН

**До Основен суд Битола**

***Тужител:*** **МИМОЗА КОЦЕВСКА** од Битола, ул.„Анести Пановски“ бр.9/1-5 со ЕМБГ [illegible] аст. од полн. адв. Владимир Петличковски од Битола, ул.Коле Неделковски бр.4, со електронска адреса за прием на писмени e-mail: vipadvokat@t-home.mk

***Тужен:*** **АТЛАС ГЛОБАЛ ДООЕЛ Битола,** со седиште во Битола на ул.„Славко Лумбарко“ бр.8 и ЕМБС [illegible] преку овластеното лице за застапување ШЕФКЕТ КИЛИЦ од Турција и електронска адреса за прием на писмени e-mail:atlasglobaldooel@gmail.com

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД
Бр. 18 APR 2024
20 година
Битола

**Основ:** долг

**Вредност:** 112.610,00 денари

# Т У Ж Б А

Тужителката и тужениот на ден 05.10.2023 година склучија договор за закуп на недвижен имот- куќа во површина од 219 м2, сопственост на тужителката за период од 6 месеци со можност за продолжување до една година.

**Доказ: се доставува во фотокопија Договор за закуп склучен на ден 05.10.2023 г. и Анекс на Договор склучен на ден 29.12.2023 година.**

Висината на закупнината согласно член 2 од Договорот за закуп изнесуваше 700 евра месечно во денарска противвредност по среден курс на еврото на денот на исплатата, која по склучениот Анекс кон договорот од 29.12.2023 г. се намали на износ од 25.000,00 денари.

Согласно договорот тужениот имаше обврска да ја плаќа закупнината месечно на трансакциска сметка на тужителката за секој месец однапред од први до петти во месецот, и трошоците од тековното користење односно сметките за потрошена електрична енергија, комунална хигиена, потрошена вода, надомест од нискоградба и персонален данок.

Но како тужениот едноставно не си ги извршуваше превземените обврски по договорот, на ден 23.02.2024 година тужителката му прати опомена со која побара исплата на заостанатите закупнини и подмирување на сметките за потрошената електрична енергија, комунални услуги и други режиски трошоци.

**ДОКАЗ: се доставува во фотокопија опомена од 23.02.2024 година.**

**ул.Коле Неделковски бр.4 – Битола**
**тел: 047/220-922 факс: 047/223-923 моб: 070/207-676**
**e-mail: vipadvokat@t-home.mk petlickovski@gmail.com**
**жиро сметка 210057110450193 НЛБ Тутунска банка АД Скопје ЕМБС 5711045 ЕДБ МК5002993102530**

Тужениот по напуштање на недвижноста, согласно Анекс на договорот и важноста на закуподавниот однос до 31 март 2024 година, тужениот остана да долгува една (1) месечна закупнини за месец март 2024 година, во износ од **25.000,00 денари**.

Согласно чл 10 став 1 од ЗОО учесниците во облигациониот однос се должни да ја извршат својата обврска и се одговорни за нејзиното исполнување.

Согласно член 570 став 1 од ЗОО, со договор за закуп се обврзува закуподавецот да му предаде определен предмет на закупец на употреба, а закупецот се обврзува да плаќа определена закупнина. Бидејќи тужениот редовно ги плаќал закупнините до склучувањето на спогодбата за раскинување на договорот за закуп на недвижноста, останал да долгува една (10) месечна закупнина и долг по основ на режиски трошоци поврзани со користењето на недвижноста и тоа:

- за потрошена електична енергија во износ од **83.419,00 денари**.
- надоместок за нискоградба во износ од **833,00 ден.**
- надоместок за комунални услуги во износ од **1.352,00 денари**.
- надоместок за потрошена вкупно 2.**006,00 денари**.

**ДОКАЗ: се доставува во фотокопија картица на корисник од ЈКП Водовод Битола, КЈП Нискоградба Битола и ЕВН АД Скопје и ЈП Комуналец Битола.**

Согласно чл.266 од ЗОО должникот кој ќе задоцни со исполнувањето на парична обврска долгува, покрај главнината, и казнена камата. Согласно чл.268 ст.2 од истиот закон, на износот на неисплатената камата може да се бара затезна камата само од денот кога до судот е поднесено барање за нејзина исплата.

Од сите овие причини по одржувањето на јавна расправа и изведувањето на доказите на судот му предлагаме да ја донесе следната

**П Р Е С У Д А**

Тужбеното барање на тужителот Мимоза Коцевска од Битола СЕ УСВОЈУВА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот **АТЛАС ГЛОБАЛ ДООЕЛ Битола,** со седиште во Битола на ул.„Славко Лумбарко" бр.8, да на тужителот му плати на име долг за неплатена месечна закупнина за месец март 2024 година, **износ од 25.000,00 ден.,** за потрошена електична енергија износ од **83.419,00 денари,** надоместок за нискоградба износ од **833,00 ден.,** надоместок за комунални услуги износ од **1.352,00** денари и надоместок за потрошена вода во износ од **2.006,00 денари**, со ЗЗК на поединечните износи од денот на поднесувањето на тужбата во висина на референтна стапка на Народна Банка на РМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело во тековното полугодие зголемена за десет процентни поени до исплатата, како и да му ги надомести на тужителот процесните трошоци сторени во текот на оваа постапка до поднесување на тужбата и тоа за состав на тужба износ од 7.670,00 денари, со вклучен 18% ДДВ , судска такса за тужба и одлука во вкупен износ од 4.504,00 денари се во рок од 15 дена по приемот на пресудата.

Битола, 18.04.2024 год.

За тужителот - полномошник,

адв.**Владимир Петличковски**